# ЗЕЛС

ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ZELS

NEWSLETTER

ASSOCIATION OF THE UNITS
OF LOCAL SELF-GOVERNMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA








10 • 2009

## ОДРЖАНА ЧЕТВРТА СЕДНИЦА
НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

ТРАДИЦИЈАТА НА „ЗЕЛС ЕКСПО“
## ПРОДОЛЖУВА ПО ПЕТТИ ПАТ

## MBAJTJA E SEANCËS SË KATËRT
TË BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË

TRADITA E „BNJVL EKSPO”
## VAZHDON PËR HERË TË PESTË

Почитувани,

Во месец октомври, ЗЕЛС спроведе голем број активности, а од особено значење беа заклучоците донесени на четвртата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржана на 20 октомври,2009 година, во просториите на ЗЕЛС. На оваа седница беше разгледан предлогот за распределба на садови за отпад по општините, каде бројот на жители беше земен за критериум при распределбата, усвоен беше финансискиот извештај за работењето на ЗЕЛС за 2008 година, а особена дискусија се разви во однос на стратегијата за пренос на управувањето на градежно неизградено земјиште на општините, што ја подготви посебно формирана Работна група, од страна на Владата на РМ, која имаше задача да предложи алтернативи за можен трансфер на државното градежно земјиште од страна на централната на локалните власти, а во која учествуваа и тројца претставници од ЗЕЛС, градоначалниците : Марјан Ристески, градоначалник на Општина Прилеп, Рамиз Мерко, градоначалник на Општина Струга и Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид. На дневен ред беше ставено и донесувањето на Одлуката за утврдување на составот на комисиите при ЗЕЛС и избор на претседатели на истите, која беше изгласана од страна на членовите на УО. Членовите на УО дискутираа и за одржувањето на традиционалната манифестација,,ЗЕЛС-ЕКСПО, саем на општините и беше изгласано да се одржи на 25 и 26 ноември, 2009 година, на ,,Скопското сајмиште", за што службите на ЗЕЛС беа задолжен да ги превземат сите потребни подготовки и целокупната организација на овој многу важен настан за единиците на локалната самоуправа во нашата земја. Ова особено што локалниот економски развој е од приоритетно значење за општините, па оттука особен акцент во текот на манифестацијата ќе се стави на презентација и промоција на потенцијалите и можностите за привлекување странски инвестиции. За оваа цел, ЗЕЛС ќе оствари контакти со сите субјекти кои би ја известиле деловната заедница во републиката и во странство за можоста да се презентираат и да се запознаат со потенцијалите на општините за воспоставување деловна соработка во областа на локалниот економски развој. ЗЕЛС ќе упати покани до странските дипломатски претставништва во републиката со повик да ја проследат можноста за присуство на странски компании на оваа манифестација до деловните субјекти од своите земји. Беше дискутирано и за голем број други актуелни прашања за кои ќе можете да се информирате во текстот за седницата на УО, во ова октомвриско Гласило на ЗЕЛС. Информации има и за седниците на Комисијата за финансирање и на Комисијата за образование, потоа за одржаните обуки за претставници од Комисиите за односи меѓу заедниците , што ги поддржува ЗЕЛС, за чекорите преземени за институционализација на форумите во заедниците, како и за формирањето на базите на податоци за одговорните лица од општинската администрација од одредени области од надлежностите на локалната власт.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС




Të nderuar,

Në muajin tetor, BNJVL implementoi aktivitete të shumta, dhe me rëndësi të veçantë ishin konkluzionet e miratuara të seancës së katërt të Bordit drejtues të BNJVL-së, mbajtur më 20 tetor, 2009, në hapësirat e BNJVL-së. Në këtë seancë ishte shqyrtuar propozimi për shpërndarjen e enëve për mbeturina në komuna, ku numri i banorëve ishte marrë si kriter gjatë shpërndarjes, ishte miratuar raporti financiar për punën e BNJVL-së për vitin 2008, dhe veçanërisht diskutim u zhvillua në lidhje me strategjinë për bartjen e menaxhimit të tokës së pandërtuar ndërtimore të komunave, që e përgatiti grup i veçantë punues, nga ana e Qeverisë së R.M-së, që kishte detyrë të propozon alternativa për transfer të mundshëm të tokës ndërtimore nga ana e ekzekutivit në pushtetet lokale, dhe në të cilin morrën pjesë tre përfaqësues nga BNJVL: Marjan Risteski, kryetar i komunës së Prilepit, Ramiz Merko, kryetar i komunës së Strugës dhe Aleksandar Petreski, kryetar i komunës së Ohrit. Në rendin e ditës ishte vendosur edhe miratimi i vendimit për caktimin e qëndrimit të komisioneve pranë BNJVL-së dhe zgjedhja e kryetarëve për të njejtat, e cila ishte e votuar nga ana e anëtarëve të BD. Anëtarët e BD diskutuan edhe për mbajtjen e manifestimit tradicional ,,BNJVL EKSPO,, panairi i komunave dhe u votua të mbahet më 25 dhe 26 nëntor, të vitit 2009, në Panagjyrin e Shkupit, me çka shërbimet e BNJVL-së janë të detyruar t'i marrin të gjitha përgatitjet e nevojshme dhe organizimin e plotë për këtë ngjarje të rëndësishme për njësitë e vetëqeverisjes lokale në vendin tonë. Kjo veçanërisht që zhvillimi ekonomik lokal është me prioritet për komunat, dhe nga këtu theks të veçantë në vijimin e manifestimit do të vendoset në prezantim dhe promovim të potencialeve dhe mundësive për tërheqjen e investimeve të huaja. Për këtë qëllim, BNJVL do të realizon kontakte me të gjitha subjektet që do t'a njoftonin bashkësinë afariste në vend dhe jashtë tij për mundësinë e prezantimit dhe të njoftohen me potencialet e komunave për vendosjen e bashkëpunimit afarist në lëminë e zhvillimit ekonomik lokal. BNJVL do të dërgon ftesa deri te përfaqësitë e huaja diplomatike në vend me thirrje për t'a shikuar mundësinë për pjesëmarrje të kompanive të huaja në këtë manifestim deri te subjektet afariste nga vendet e tyre. Ishte diskutuar edhe për shumë çështje tjera aktuale për të cilat do të mund të informoheni në tekstin për seancën e BD, në këtë numër të Gazetës së tetorit të BNJVL-së. Informacione ka edhe për seancat e komisioneve për financim dhe arsim. Pastaj për trajnimet e mbajtura për përfaqësuesit e komisioneve për marrëdhënie midis bashkësive, që i përkrah BNJVL, për hapat e ndërmarra për institucionalizimin e forumeve në bashkësi, si dhe për formimin e bazave të të dhënave për personat përgjegjës nga administrata komunale nga fusha të caktuara nga kompetencat e pushtetit lokal.

Sincerely,

Dusica Perisic
ZELS Executive Director


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Наташа Вртеска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv**
Ardita Dema

**Bordi redaktues**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Natasha Vrteska, Viktor Arnaudovski

**Pergatitje per shtyp**
PRINT CENTAR

**Shtyp**
PRINT CENTAR

# ВО ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА, ЗЕЛС НОТИРАН КАКО ВАЖЕН ФАКТОР ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАВА

,,Сакам да изразам нескриено задоволство и гордост што ЗЕЛС, како Асоцијација на сите општини во Република Македонија, беше стриктно нотирана во Извештајот на Европската Комсија за реформските достигнувања на нашата земја, предаден на Владата на Р.М минатата недела на 14 октомври, како важен фактор во спроведувањето на децентрализацијата кај нас, истакна претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, пред присутните новинари, на почетокот на четвртата седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС. - ,,Освен позитивните согледувања во однос на другите зададени задачи за нашата земја,Трајановски потенцира дека Извештајот содржеше и позитивни критики за спроведувањето на процесот на децентрализацијата. При тоа, во него, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија- ЗЕЛС доби исклучително позитивни критики, односно дека продолжува да биде примарен и силен фактор во креирањето и раководењето со важните задачи, надлежности и одговорности во движењето нанапред на процесот на децентрализација во Република Македонија. Тоа навистина не прави горди и претставува потврда дека навистина сме работеле и работиме во интерес на локалните власти во нашата земја, за квалитетно спроведување на добиените надлежности. Искрено сме задоволни што нашите активности ги согледува и меѓународната заедница и Европската Унија, но се разбира дека сите овие активности ЗЕЛС ги спроведува, пред се, во интерес на единици на локалната самоуправа, односно во интерес на граѓаните, тие да добиваат поквалитетни услуги и услови за живот во своите општини. Овие пофалби што ги добивме од Европската Унија ќе претставуваат поттик да продолжиме со исто темпо, или би рекол со уште позасилено, на нашиот пат за остварување на поуспешна децентрализација и поголема финансиска стабилност на општините, рече на крајот од својот говор пред новинарите, претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски.

# NË RAPORTIN E KOMISIONIT EUROPIAN, BNJVL U VLERËSUA SI FAKTOR I RËNDËSISHËM NË IMPLEMENTIMIN E DECENTRALIZIMIT NË VEND

,,Dëshirojë të shpreh kënaqësi dhe krenari që BNJVL, si asociacion i të gjitha komunave në Republikën e Maqedonisë, në mënyrë strikte u notua në raportin e Komisionit Europian për arrtijet reformuese të vendit tonë, dorëzuar Qeverisë së R.M-së javën e kaluar më 14 tetor, si faktor i rëndësishëm në implementimin e decentralizimit tek ne, theksoi kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, para gazetarëve të pranishëm, në fillimin e seancës së katërt të Bordit drejtues të BNJVL-së. - ,,Përveç vërtetimeve pozitive në raport me detyrat e dhëna për vendin tonë, Trajanovski potencoi se raporti përmbante edhe kritika pozitive për implementimin e procesit të decentralizimit. Më pas, në të, Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë – BNJVL morri ekskluzivisht kritika pozitive, respektivisht se vazhdon të jetë primar dhe faktor i fortë në krijimin dhe udhëheqjen me detyrat e rëndësishme, kompetenca dhe përgjegjësi në lëvizjen përpara të procesit të decentralizimit në Republikën e Maqedonisë. Kjo me të vërtetë na bënë krenar dhe paraqet vërtetim se me të vërtetë kemi punuar në interes të pushteteve lokale në vendin tonë, për implementim kualitativ të kompetencave të marra. Sinqerisht jemi të kënaqur që aktivitetet tona i vërteton edhe bashkësia ndërkombëtare dhe Bashkimi Europian, por kuptohet se të gjitha këto aktivitete BNJVL i implementon, para se gjithash, në interes të njësive të vetëqeverisjes lokale, respektivisht në interes të qytetarëve, ata të marrin shërbime më kualitative dhe kushte për jetesë në komunat e tyre. Këto lavdërata që i morrëm nga Bashkimi Europian do të paraqesin nxitje të vazhdojmë me të njejtën tempo, ose do të thoja me shpejtësi akoma më të madhe drejt rrugës për realizimin e decentralizimit më të suksesshëm dhe stabilitet më të madh financiar të komunave, tha në fund të fjalimit të tij para gazetarëve, kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski.

# ТРАДИЦИЈАТА НА „ЗЕЛС ЕКСПО“ ПРОДОЛЖУВА ПО ПЕТТИ ПАТ

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС, на 25 и 26 ноември, 2009 година, по петти пат ќе го организира Саемот на општините „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“. Ова претставува традиционална манифестација од важен интерес на општините, каде се претставува единството на локалната власт во земјава и достигнувањата на општините и целокупниот процес на децентрализацијата во земјава. Носечка тема на овогодишниот саем е „Фискалната децентрализација и улогата и можностите за општините во Република Македонија“. Општините ќе можат да разменат искуства за текот и импликациите на процесот на децентрализација на локално ниво и да предлагаат насоки за идниот развој. Се очекува Саемот да биде посетен и од претставници на голем број меѓународни организации и институции од нашата земја, што истовремено дава можност да се остварат контакти во насока на изнаоѓање на заеднички интерес за меѓународна соработка. Исто така на Саемот, општините може директно да и се претстават на јавноста и транспарентно да го прикажат своето досегашно работење, но и идните, понатамошните планови за општината. Размената на информации и искуства што ги нуди ваквата заедничка манифестација, сама по себе ќе претставува богатство и ќе придонесе за поефикасно спроведување на надлежностите на локалните власти. Најдобрите пракси, кои во текот на изминатите четири години ги создадоа голем број општини ќе можат да бидат презентирани на овој саем. Се подготвуваат и голем број панел дискусии, дебати на претставниците на локалните власти од областа на образованието, урбанизмот, руралниот развој, управувањето со човечките ресурси, лицата задолжени за односи со јавност ќе имаат заедничка средба, исто така и одговорни за ИТ развојот на општината и за локалниот економски развој.

„ЗЕЛС ЕКСПО 2009“ ќе се одржи во просториите на Скопски Саем, во Метрополис Арена, хала 1. Службите на ЗЕЛС активно работат на подготовките на овој Саем на општините за што се подготвени и испратени формулари за пријавување на општините и сите заинтересирани за учество на саемот (бизнис сектор, меѓународни организации). На избор се ставени штандови со големина од 12м2, 16м2, 20м2, 25м2 и 50м2. Процесот на пријавување е започнат, а општините кои први ќе се пријават и ќе ја подмират обврската за учество ќе може први да одберат и соодветно место за нивниот штанд. Формуларите може да се најдат и на страната на ЗЕЛС www.zels.org.mk. Овие формулари, покрај тоа што ќе ги пополни општината, може да бидат доставени до сите заинтересирани деловни субјекти од локална заедница, за учество на „ЗЕЛС ЕКСПО 2009“. Крајниот рок за пријавување за учество е определен заклучно со 30 октомври, 2009 година. За сите дополнителни технички услуги кои би ги имале општините за време на манифестацијата, а истите не се наведени во формуларите за пријава,, одговорни се лицата од Скопски Саем, со контакт тел. 02/ 3218 388, а за информации од страна на ЗЕЛС контакт лице е Анита Николеска на anita.nikoleska@zels.org.mk, или на тел: 02/ 3099033, локал 132.




# TRADITA E „BNJVL EKSPO" VAZHDON PËR HERË TË PESTË

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë – BNJVL, më 25 dhe 26 nëntor 2009, për herë të pestë do të organizon Panairin e komunave „BNJVL EKSPO 2009". Kjo paraqet manifestim tradicional me rëndësi të madhe për komunat, ku paraqitet uniteti i pushtetit lokal në vend dhe arritjet e komunave si dhe procesi gjithpërfshirës i decentralizimit në vend. Temë bartëse në panairin e këtij viti është „Decentralizimi fiskal dhe roli i mundësive për komunat në Republikën e Maqedonisë". Komunat do të mund të këmbejnë përvoja për rrjedhën dhe implikimet në procesin e decentralizimit në nivel lokal dhe të propozojnë drejtime për zhvillim në të ardhmen. Pritet që Panairi të jetë i vizituar edhe nga përfaqësues të shumtë të organizatave ndërkombëtare dhe institucione nga vendi, që njëkohësisht jep mundësi të hapen kontakte në drejtim të gjetjes së interesit të përbashkët për bashkëpunim ndërkombëtar. Gjithashtu në panair, komunat munden drejtpërdrejtë t'i shfaqen publikut dhe në mënyrë transparente t'a tregojnë punën e tyre të deritanishme, por edhe ato që do t'i bëjnë në të ardhmen, planet e mëtutjeshme për komunën. Këmbimi i informacioneve dhe eksperiencave që i ofron manifestimi i këtillë i përbashkët, vetë në vehte do të paraqet pasuri dhe do të kontribuon për implementim më efikas të kompetencave të pushteteve lokale. Praktikat më të mira, të cilat në rrjedhat e katër viteve të fundit i krijuan numër i madh komunash do të mund të jenë të prezantuara në këtë panair. Përgatiten edhe shumë panel diskutime, debate të përfaqësuesve të pushteteve lokale nga lëmia e arsimit, urbanizmit, zhvillimit rural, personat e detyruar për marrëdhënie me publikun do të kenë takim të përbashkët, gjithashtu edhe përgjegjës për IT zhvillimin e komunës dhe për zhvillimin ekonomik lokal.

„BNJVL EKSPO 2009" do të mbahet në hapësirat e Panairit të Shkupit, në Metropolis Arena, salla 1. Shërbimet e BNJVL-së aktivisht punojnë në përgatitjet e këtij panairi të komunave për çka janë të përgatitur dhe njëherit janë dërguar formulare për paraqitjen e komunave dhe për të gjithë të interesuarit për pjesëmarrje në panair (biznes sektori, organizatat ndërkombëtare). Në zgjedhje janë vendosur shtande me madhësi nga 12m2, 16m2, 20m2, 25m2 dhe 50m2. Procesi i paraqitjes ka filluar, ndërsa komunat të cilat të parat do të paraqiten dhe do t'i mbulojnë detyrimet për pjesëmarrje do të munden të parat të zgjedhin edhe vendin përkatës për shtandin e tyre. Formularet mund të gjinden edhe në ueb faqen e BNJVL-së www.zels.org.mk. Këto formulare, përveç asaj që do t'i plotëson komuna, mund të jenë të dorëzuara deri te të gjitha subjektet e interesuara afariste nga bashkësia lokale, për pjesëmarrje në „BNJVL EKSPO 2009". Afati i fundit për paraqitje për pjesëmarrje është përcaktuar konform me datë 30 tetor të vitit 2009. Për të gjitha shërbimet plotësuese teknike të cilat do t'i kanë komunat gjatë kohës së manifestimit, ku të njejtat nuk janë theksuar në formularet për paraqitje, përgjegjës janë personat nga Panairi i Shkupit, me këtë numër kontakti 02/ 3218 388, ndërsa për informacione nga ana e BNJVL-së personi kontaktues është Anita Nikoleska në e-mailin anita.nikoleska@zels.org.mk, ose në tel: 02/ 3099033, lokal 132.

# ЗЕЛС УПАТИ БАРАЊА ДО МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

На први и втори октомври, во хотел ,,Монтана,, во Крушево, беше одржана дводневна работилница на општинските советници за образование, прокет што се реализира со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Ова беше првата обука од предвидени четири и претставуваше своевидно продолжување на минатогодишниот циклус. Овој пат беа нагласени темите за улогата и одговорноста на општинските советници, како и улогата на просветниот општински



инспектор за образование. Предвидено е по завршувањето на обуките да се изготват прирачници посветени токму на овие области. Идејата на Комисијата за образование беше да се поттикне обезбедувањето на најмалку еден советник за образование по општина, или пак да се иницира меѓуопштинска соработка и на ова поле. ,,Актуелните предизвици на локалните власти во областа на образованието,,, беше темата која предизвика бурна дискусија кај присутните 40-ина советници, а која ја водеше претседателот на Комисијата за образование при ЗЕЛС, Дарко Митевски, градоначалник на Општина Македонска Каменица. Беа истакнати актуелните проблеми на општините во спроведувањето на надлежноста на образованието, при што беа посочувани и начините за нивно надминување. Советниците истакнаа дека се уште не може да го остварат потребното ниво на соработка со претставниците од Министерството за образование и наука, укажувајќи на нивна недостапност, а го нагласија и проблемот со се уште нецелосното прафрлање на сите потребни овластувања од оваа област на локално ниво, за непречено вршење на оваа децентрализирана надлежност. Градоначалникот Митевски им соопшти на присутните дека ЗЕЛС неодамна , како контакт лице за општините од страна на министерството за образование го доби името на Даниела Граороска, на која може да и се обратат сите општински советници за образование. Присутните укажаа дека и покрај одобрените паралелки и нови наставни часови, согласностите за ново финансирање не пристигнале, со што се нарушува можноста за непречено функционирање на целиот образовен процес. Беа изнесени и други проблеми, кои беа искористени да се надополнат систематизираните ставови на ЗЕЛС од областа на образованието. Присутните побараа , сите забелешки ЗЕЛС да му ги пренесе на Министерот за образование, што беше реализирано и по оваа средба ЗЕЛС на 13 октомври, 2009 година испрати писмо до Министерот за образование во кое беа наведени сите утврдени потреби на општините, за кои министерството би требало да им излезе во пресрет при нивното разрешување.

• Исплаќањето на надоместокот за испратнини, пензионирање, и починат член на семејството. Ова се сретства кои до сега биле исплаќани од Владата, но со спроведување на процесот на децентрализација, кај општините кои се во втора фаза на децентрализација, оваа обврска е префрлена, но не се префрлени и соодветни сретства. Бараме да ја разгледате можноста во буџетот за 2010 година да се предвидат истите, со што ќе се намали оптоварувањето на општините.

• Утврдена е неадекватна распределба на финансиските средствата за превоз на учениците. Одредени општини имаат недостаток на средства, а други вишок. Потребно е ревидирање на формулата за утврдување на надоместокот за превоз на учениците, каде особено внимание треба да се посвети на општините од руралните средини чија патната мрежа не е доволно функционална, па превозот е отежнат особено во зимскиот период. Поради нерентабилноста , превозниците не сакаат да го реализираат со оние средства што ги добива општината.

• Заради постојана промена на цената на енергенсите, се чувствува одреден недостаток на сретства за греење во училиштата. Нашиот предлог е или да се помина на квартално утврдување на дотациите за греење, или пак тие да се предвидат во поголем износ со пресметка на можните зголемувања.

• Утврдено дека во голем број училишта МОН се уште нема префрлено средства за надоместок на превоз на учениците што резултира со повторно создавање на долгови кон ангажираните превозници.

• Потребно е МОН да утврди одредена ,,реонизација,, на мрежата на средните училишта во земјава, со цел да се намалат трошоците за превоз на средношколците. Особено ова да се однесува за струките што ги има во соодветната општина а учениците избираат да одат во друга општина или на подалечна релација. Општините во кои се наоѓаат најголем број на училишта се оптоварени со извршување на обврската за исплаќање на превозот на учениците, од другите општини во кои нема одредена образовна насока. При тоа ученичките домови се со слаб капацитет, не може да ја задоволат побарувачката, а децата пак кои се сместени во нив не им се исплаќаат патни трошоци за посета на своите семејства за време на викендите .

• Да се префрлат ученичките домови во сите општини, но со претходно расчистени долгови и рационализиран кадар, како и со утврдена формула за реално покривање на трошоците за нивно натамошно одржување.

• Потребно е МОН да утврди ,,стимулативни ,, мерки за наставниот кадар што држи настава во планински тешко пристапни училишта, каде нема обезбедено превоз, бидејќи со воведувањето на бруто плата, овие наставници се доведоа во нерамноправна положба со наставниците од градските, особено централните подрачја. Се предлага воведување на мерка слична како во здравството, за стимулирање на лекарите да отворат здравствени ординации во рурални средини.

• МОН и по два месеца од започнување на школска година и по претходно одобрување на нови паралелки и наставни предмети нема издадено одобрение за ново финансирање на наставници. Пред една недела е дадено одобрување само за аглиски јазик за два часа, што не соодветствува на реалните потреби. Бидејќи Агенцијата за вработување не смее ретроактивно да ги заведува вработувањата, се поставува прашањето кој ќе ги надомести трошоците за платите ?. Минатата година голем број на наставници останаа без денар и покрај тоа што цела година одржуваа настава и овозможија нерекинато одвивање на образовниот процес.

• Недостаток од наставен кадар за англиски и информатика.

• Задолжително обезбедување на средства за финансирање на најмалку едно лице по училиште што ќе ја одржува компјутерската мрежа и обезбедување на средства за поправки на компјутерите.

• Обезбедување на средства за одржување на хигиената во училиштата, што е особено значајно во услови на зголемени можности од епидемии. Средства за дератизација, дезинфекција и дезинсекција. Но исто така и за зголемување на бројот на кадарот што ќе ја одржува хигиената кој беше драстично намален во изминатиот период како резултат на владини мерки. Еден или двајца хигиеничари по училиште апсолутно не може да ги задоволи потребните хигиенски стандарди.

• Неопходно е обезедување на средства за спроведување на ,,продлабочени,, здравствени прегледи на образовниот кадар, кој сега се сведува на рутинска безбачајна здравствена контрола. Потребни се повеќе специјалистички прегледи, особено воведување на прегледи за следење на здравствено психолошката состојба на просветните работници .

• Потребно ревидирање на формулата за распределба

на средствата за наменските дотации, независно што општините од втората фаза добиваат блок дотации. Учество на претставници од техничката група на Комисијата на ЗЕЛС, (советници за образование во општините) и на експерти, со цел создавање на барем приближно подеднакви услови за обезбедување на квалитетна образовна услуга во сите општини .

• Што поскоро создавање на услови за префрлање на сопственоста не само на училишните згради, туку и на земјиштето на кое тие се наоѓаат. Обезбедување на помош од МОН, на оние општини кои имаат проблеми со префрлање на училиштата во катастар (немање на соодветна документација, нерасчистени имотно-правни односи, приватно земјиште....).

• Учество на ЗЕЛС при утврдувањето на критериумите и при распределувањето на средствата за капиталните инвестиции во образованието, наменети за општините.

## BNJVL DËRGOI KËRKESË DERI TE MINISTRI PËR ARSIM

Më një dhe dy tetor, në hotel „Montana„ në Krushevë, ishte mbajtur punëtori dyditore për këshilltarët komunal përgjegjës për arsim, projekt që realizohet me përkrahje financiare të Misionit të OSBE-së në Shkup. Ky ishte trajnimi i parë nga katër të parashikuarat dhe paraqiste vazhdimin e ciklit të mëtutjeshëm. Kësaj rradhe ishin theksuar temat për rolin dhe përgjegjësitë e këshilltarëve komunal, si dhe roli i inspektorit arsimor komunal. Është parashikuar pas përfundimit të trajnimeve të përgatiten doracakët të përkushtuar mu në këto lëmi. Idea e Komisionit për arsim ishte të nxitet sigurimi i një këshilltari për arsim nëpër komuna, ose prap të inicohet bashkëpunim ndërkomunal në këtë fushë. „Sfidat aktuale të pushteteve lokale në fushën e arsimit„ ishte tema e cila shkaktoi diskutim të madh te 40 këshilltarë të pranishëm, të cilën e udhëheqi kryetari i Komisionit për arsim pranë BNJVL-së, Darko Mitevski, kryetar i komunës së Makedonska Kamenicës. Ishin përmendur problemet aktuale të komunave në implementimin e kompetencës në arsim, me çka u përmendën edhe mënyrat për tejkalimin e tyre. Këshilltarët theksuan se akoma nuk munden të realizojnë nivelin e nevojshëm të bashkëpunimit me përfaqësuesit nga Ministria për arsim dhe shkencë, duke treguar për mos qasjen e tyre, ndërsa përmendën edhe problemin me bartjen jo të plotë e të gjitha autorizimeve të nevojshme nga kjo lëmi në nivel lokal, për kryerjen papengesë të kësaj kompetence të decentralizuar. Kryetari Mitevski u kumtoi të pranishmëve se BNJVL më herët, si person për kontakt për komunat nga ana e ministrisë për arsim morri emrin e Daniela Graoroska, të cilës mund t'i drejtohen të gjithë këshilltarët komunal për arsim. Pjesëmarrësit treguan se edhe përveç paraleleve të miratuara dhe orëve të reja mësimore, pajtueshmëri për financim të ri nuk kanë arritur, me çka prishet mundësia për funksionim papanegesë për tërë procesin arsimor. U theksuan edhe probleme tjera, të cilat ishin shfrytëzuar për tu plotësuar qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së nga fusha e arsimit. Pjesëmarrësit kërkuan, të gjitha vërejtjet BNJVL t'i përcjell te ministri për arsim, që ishte realizuar dhe pas këtij takimi BNJVL më 13 tetor 2009, dërgoi letër deri te ministri për arsim në të cilen ishin përmendur të gjitha nevojat e caktuara të komunave, për të cilat ministria do duhet t'ju del në ndihmë gjatë zgjidhjes së tyre.

• Pagesa e kompensimit për tepricë, pension, dhe anëtar që ka ndëruar jetë i familjes. Këto janë mjete të cilat deri më tani janë paguar nga qeveria, por me implementimin e procesit të decentralizimit, ky detyrim është bartur, por nuk janë transferuar edhe mjetet përkatëse. Kërkojmë t'a shqyrtojmë mundësinë e buxhetit për vitin 2010 të parashikohen të njejtat, me çka do të zvogëlohet ngarkesa e komunave.

• Është caktuar shpërndarja joadekuate e mjeteve financiare për transport të nxënësve. Komuna të caktuara kanë mungesë të mjeteve, ndërsa të tjera tepricë. E nevojshme është revidimi i formulës për caktimin e kompensimit për transport të nxënësve, ku vëmendje e veçantë duhet t'i kushtohet komunave nga rrethet rurale rrjetet e të cilave rrugore nuk janë plotësisht funksionale, por transporti është i ngarkuar veçanërisht në periudhën dimërore. Për shkak të jorentabilitetit, trasnportuesit nuk dëshirojnë t'a realizojnë me ato mjete që i merr komuna.

• Për shkak të ndryshimit të vazhdueshëm të çmimit të energjenseve, ndihet mungesë e mjeteve për ngrohje në shkollat. Propozimi ynë është ose të kalohet në caktim kuartal të dotacioneve për ngrohje, ose prap ato të parashikohen në shumë më të madhe me llogarinë e rritjeve të mundshme.

• U caktua se në shumë shkolla MASH akoma nuk ka transferuar mjete për kompensim të trasnportit të nxënësve që rezulton me krijimin e borxheve kah transportuesit e angazhuar.

• E nevojshme është që MASH të cakton „reonizim„ të caktuar të rrjetit të shkollave të mesme në vend, me qëllim që të zvogëlohen shpenzimet për transportin e nxënësve në shkolla të mesme. Veçanërisht kjo ka të bëjë për drejtimet që i ka në komunën përkatëse dhe nxënësit zgjedhin të shkojnë në komunë tjetër ose në relacion më të largët. Komunat në të cilat ndodhen numër më i madh i nxënësve janë të ngarkuar me kryerjen e detyrimit për pagesën e transportit të nxënësve, nga komunat tjera në të cilat nuk ka drejtim të caktuar arsimor. Gjatë kësaj shtëpitë e nxënësve janë me kapacitet të dobët, nuk mund të kënaqin kërkesën, ndërsa fëmijët të cilët janë të vendosur në to nuk u paguhen shpenzimet rrugore për vizitë familjeve të tyre për kohën e vikendeve.

• Të transferohen kampuset e nxënësve në të gjitha komunat, por me borxhe paraprakisht të pastruara dhe kuadër racional, si dhe me formulë të caktuar për mbulim real të shpenzimeve për mirëmbajtjen e tyre të mëtutjeshme.

• E nevojshme është që MASH të cakton masa „stimuluese„ për kuadrin mësimor që mban mësim në shkollat malore që janë të vështira për arritje, ku ka transport të siguruar, sepse me vendosjen e bruto rrogës, këta arsimtarë u vendosën në pozitë të papërshtatshme me arsimtarët nga rajonet e qytetit, veçanërisht ato qendrore. Propozohet vendosja e masës së ngjashme si në shëndetësi, për stimulimin e mjekëve që të hapin ordinanca shëndetësore në rajonet rurale.

• MASH edhe pas dy muajve nga fillimi i vitit shkollor dhe pas miratimit paraprak të paraleleve të reja dhe lëndëve mësimore nuk ka dhënë miratim për financimin e ri të arsimtarëve. Para një jave është dhënë miratim vetëm për gjuhën angleze për dy orë, që nuk përshtatet me nevojat reale. Për shkak se agjencioni për punësim nuk mundet në mënyrë retroaktive t'i evidenton punësimet, parashtrohet pyetja kush do t'i kompenson shpenzimet për rrogat? Vitin e kaluar shumë arsimtarë mbeten pa denarë edhe përveq asaj që gjatë tërë vitit mbajtën mësim dhe mundësuan zhvillim papengesë të procesit arsimor.

• Mungesë nga kuadri mësimor për gjuhë angleze dhe informatikë.

• Sigurim i detyrueshëm i mjeteve për financimin e më së paku një personi nëpër shkolla që do të mirëmban rrjetin kompjuterik dhe sigurimin e mjeteve për rregullimin e kompjuterëve.

• Sigurimin e mjeteve për mirëmbajtjen e higjienës në shkolla, që është veçanërisht e rëndësishme në kushte të rritjes së mundshme nga epidemitë. Mjete nga deratizimi, dezinfektimi dhe dezinsektimi. Por gjithashtu edhe për rritjen e numrit të kuadrit që do t'a mban higjienën që ishtë në mënyrë drastike e zvogëluar në periudhën vijuese si rezultat i masave qeveritare. Një ose dy pastrues nëpër shkolla apsolutisht nuk mundet t'i kënaq standardet e nevojshme pastruese.

• I detyrueshëm është sigurimi i mjeteve për implementimin e kontrolleve të „thelluara„ shëndetësore në kudrin arsimor, i cili tani më bëhet në kontroll shëndetësor rutinë. Të nevojshëm janë më shumë kontrolle specialistike, veçanërisht vendosja e kontrolleve për vëzhgimin e gjendjes shëndetësore psikologjike të punëtorëve në arsim.

• Revidim i nevojshëm i formmulës për shpërndarjen e mjeteve për dotacionet e dedikuara, pavarësisht që komunat nga faza e dytë marrin bllok dotacione. Pjesëmarrje të përfaqësuesve nga grupi teknik i Komisionit të BNJVL-së, (këshilltarë për arsim në komuna) dhe të ekspertëve, me qëllim krijimin e kushteve të përafërta të njejta për sigurimin e shërbimit kualitativ arsimor në të gjitha komunat.

• Sa më shpejtë krijimin e kushteve për bartjen e pronësisë jo vetëm të ndërtesave shkollore, por edhe të tokës ku ato ndodhen. Sigurimin e ndihmës nga MASH, të atyre komunave që kanë probleme me bartjen e shkollave në kadastër (mos pasja e dokumentacionit përkatës, marrëdhënie të papastruara pronësoro-juridike, tokë bujqësore...).

• Pjesëmarrja e BNJVL-së gjatë përcaktimit të kritereve dhe gjatë shpërndarjes së mjeteve për investime kapitale në arsim, të dedikuara për komunat.

# СЕДМИ НОЕМВРИ, КРАЕН РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ ЗА ОРИО ПРОГРАМАТА

Најдоцна до 7 ноември, единиците на локалната самоуправа имаат можност да аплицираат со проекти за добивање на финансиска поддршка од ОРИО програмата. Оваа програма им е достапна за користење и на општините, но единствено во соработка и со поддршка од соодветното ресорно министерство, при што апликацијата за предвидениот проект се поднесува од страна на министерствата. Секој доставен проект, исто така, претходно мора да добие ,,писмо за поддршка" од Министерството за финансии. Приоритетните сектори за доставување проектни предлози се : води; животна средина и сектор социјални услуги, како и образование.

Реализацијата на ОРИО проектите се финансира преку Министерството за развојна соработка на Кралството Холандија, додека Агенцијата за меѓународна соработка (ЕВД) е задолжена за нивна имплементација. Владата на Кралството Холандија со години наназад претставува најголем билатерален донатор во Република Македонија. Соработката со Холандија се реализира во рамките на неколку инструменти. Овој инструмент е наменет за финансирање на големи и јавни инфраструктурни проекти во земјите во развој, преку кој во 2009 година, 50 земји вклучително и Република Македонија ќе можат да располагаат со околу 180 милиони евра за реализација на проекти од неколку сектори. Минимумот за еден проект изнесува два милиони ерва, а максимумот 60 милиони евра. Критериумите врз основа на кои се проценуваат барањата за ОРИО грантовите вклучуваат посебни услови во однос на инфраструктурата на земјата – барател, одржливоста на плановите како и нивната применливост при развојот.

Програмата овозможува поддршка на сите фази од проектниот циклус.

Според амбасадорот на Кралството Холандија, Симон Филипини ОРИО е значајна програма за поддршка на холандските партнери - земји во развој за спроведување на инфраструктурни проекти. „Конкуренцијата за ваквите проекти е голема, но се надевам дека тоа ќе ве охрабри да подготвите одлични проекти„ рече Н.Е. Филипини, на промоцијата на оваа Програма во Владата на РМ, на која учествуваа голем број на градоначалници и претставници на локалната власт.

По доставувањето на проектите од министерствата до Секретаријатот за европски прашања на РМ, најдоцна до 16 ноември, 2009 година истите ќе бидат проследени до Агенцијата за меѓународна соработка (ЕВД). Се очекува до крајот на годината да се изврши евалуацијата и да се соопштат резултатите, односно одобрените апликации. Повеќе информации за ОРИО програмата можете да најдете на web страната http://www.evd.nl/business/programmes/programmaint_ori.asp?land=ori.

# SHTATË NËNTORI, AFATI I FUNDIT PËR DORËZIM TË APLIKACIONEVE PËR ORIO PROGRAMIN

Më së voni deri më 7 nëntor, njësitë e vetëqeverisjes lokale kanë mundësi të aplikojnë me projekte për marrjen e përkrahjes financiare nga ORIO programi. Ky program u është i arritshëm për shfrytëzim edhe komunave, por vetëm në bashkëpunim dhe me përkrahje nga ministria resore adekuate, me çka aplikacioni për projektin e parashikuar bartet nga ana e ministrive. Secili projekt i dorëzuar, gjithashtu, paraprakisht duhet të merr ,,letër për përkrahje" nga Ministria për financa. Sektorët prioritarë për dorëzimin e propozimeve projektuese janë: ujërat; mjedisi jetësor dhe sektori i shërbimeve sociale, si dhe arsimi.

Realizimi i ORIO projekteve financohet nëpërmjet Ministrisë për bashkëpunim zhvillimor të Mbretërisë Holandeze, përderisa Agjencioni për bashkëpunim ndërkombëtarë (EVD) është i detyruar për implementimin e tyre. Qeveria e Mbretërisë Holandeze shumë vite më rradh paraqet donator më të madh bilateral në Republikën e Maqedonisë. Bashkëpunimi me Hollandën realizohet në kuadër të disa instrumenteve. Ky instrument është i dedikuar për financimin e projekteve të mëdha publike infrastrukturore në vendin në zhvillim, nëpërmjet të cilit në vitin 2009, 50 shtete përfshirë këtu edhe Republikën e Maqedonisë do të mund të disponojnë me rreth 180 milion euro për realizimin e projekteve nga disa sektorë. Minimum për një projekt arrin dy million euro, ndërsa maksimumi 60 milion euro. Kriteret në bazë të së cilës vlerësohen kërkesat për ORIO grantet përfshijnë kushte të veçanta në lidhje me infrastrukturën në vend – kërkuesi, mirëmbajtja e planeve si dhe zbatueshmëria e tyre gjatë zhvillimit.

Programi mundëson përkrahjen e të gjitha fazave nga cikli projektues.

